# ПРАВИЛНИК
# за формата, содржината и начинот на пополнување на Аконтативната даночна пријава за започнување на остварување на приходи од самостојна дејност

**(“Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/01 ...15/2011 од 09.02.2011 година)**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на пополнување на аконтативната даночна пријава на персоналниот данок на доход за започнување на остварување на приходи од самостојна дејност.

**Член 2**

Обврзникот на персоналниот данок на доход кој ќе започне да остварува приходи од самостојна дејност поднесува аконтативна даночна пријава на образецот ПДД-АДП/СД.

„Образецот од став 1 на овој член содржи: 1. Податоци за обврзникот, 2. Податоци за очекуваниот нето приход во првата година, Податоци за поднесување, Податоци за приемот и обработката Општи напомени и Упатство за пополнување.”

**Член 3**

Во делот - 1. Податоци за обврзникот се впишува: единствен матичен број на граѓанинот, број на пасош, датум и земја на издавање доколку обврзникот не е жител на Република Македонија, име и презиме и адресни податоци.

**Член 4**

Во делот - 2. Податоци за очекуваниот нето приход во првата година, обврзникот го впишува износот на нето приходот што реално очекува да го оствари во првата година од работењето.

**Член 5** (Се брише)

**Член 6** (Се брише)

**Член 7**

Образецот на даночната пријава ПДД-АДП/СД е составен дел на овој Правилник.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија.

**Бр. 20-4076/1** — **Министер за финасии**

**Скопје, 3 февруари 2011 година** — **м-р Зоран Ставрески, с.р.**